ОПШТИНА ШТИП

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 21-7686/5*
*12.12.2025 година*
*Штип*

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија за мерката 6.1 Програмата за работно ангажирање – Јавни работи, Општина Штип на ден 12.12.2025 година, објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК
до
Евидентирани невработени лица со ниски квалификации

Се повикуваат сите Евидентирани невработени лица со ниски квалификации кои се заинтересирани за учество во Јавни работи во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина на локално ниво да се пријават во Центар за вработување Штип.

За спроведување на оваа програма е предвидена финансиска подршка во износ од 800 денари по работно ангажирано лице, дневно, со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Работниот ангжамна ќе биде во времетраење од 30 дена, по четири часа дневно. Условите, правата и обврските ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу Општина Штип, Агенцијата за вработување на РСМ и невработените лица.
На корисниците на парична помош за времетраење на работното ангажирање ќе им биде активно правото на користење на парична помош.

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програма за работно ангажирање – Јавни работи можат да поднесат во Центар за вработување Штип секој работен ден во периодот **од 12.12.2025** година до **19.12.2025** година, од 07.30 до 15.30 часот.

Пристигнатите пријави по завршување на рокот нема да бидат земени во предвид.

Селекцијата на заинтересираните пријавени кандидати ќе биде извршена од Комисија формирана од страна на Градоначалникот на општина Штип со претставници од општинската администрација и Центарот за вработување Штип.

Преку Програмата Јавни работи ке бидат работно ангажирани 42 лица.

Заинтересираните невработени лица потребно е да носат документ за лична идентификација за да можат да пополнат ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО за невработени лица и ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу Општина Штип, избраните кандидати и Центарот за вработување Штип.

Дата:
12.12.2025 година

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов

Република Северна Македонија
Штип
ASTIBO
Општина Штип

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип,*
*Одделение за јавни служби Тел: (032) 22 66 14; Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*